УПП Број: / Numer: 03-23
14.11.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

Предмет: **Одговор на Претставка за интервју емитувано на ТВ Сонце**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја прими Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/23 од 05.11.2024 г.) во врска со емитувањето на емисијата „Јади бурек", односно нејзино поставување на платформата Јутјуб на каналот на , кој е автор и водител на емисијата. Од Агенцијата барате да спроведе „инспекциски надзор" и мерки согласно нејзината надлежност, а од „медиумот" – да ја отстрани емисијата бидејќи нарушува приватност и детски права. Исто така, наведувате дека за Претставката се известени и сите засегнати национални институции.

Агенцијата ја лоцираше посочената содржина на платформата Јутјуб, и утврди дека била емитувана во живо на програмата на ТВ Сонце на 28 октомври 2024 година, од 20:01:55 до 21:17:37, во рамките на емисијата „Јади бурек" на авторот и водител . Според жанровската класификација, тоа е актуелноинформативна говорна шоу програма реализирана како интервју со гостинот кој споделува своја лична приказна. Иако нема обврска да користи сигнализација за овој вид програма, Телевизијата направила уредувачка проценка и ја означила емисијата со знакот за програми од втора категорија што не се препорачуваат за деца под 8 години и за кои е неопходен надзор од родител или старател.

Во однос на наводите во Претставката, програмата е реализирана во рамките на професионалните принципи и стандарди и не ги прекршува одредбите од членовите 48 и 50 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Сепак, Агенцијата ќе ги извести ТВ Сонце и авторот кој управува со Јутјуб каналот на кој е поставена емисијата за Вашата претставка и ќе го пренесе Вашиот апел, да се внимава на можноста од секундарна виктимизација или стигматизација на децата, со оглед на тоа што нивните лични имиња и здравствена состојба ги споменува таткото, како нивни старател и гостин во емисијата.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ